## 3.2. Девизни движења

*Во април 2003 година прометот на девизниот пазар забележа пораст од 8,3% на месечна основа...*

Во април 2003 година на девизниот пазар беа реализирани купопродажни трансакции во вкупна вредност од 219,6 милиони САД долари, што претставува пораст од 8,3% во споредба со претходниот месец. Анализата од структурен аспект укажува на доминантно учество на трансакциите остварени меѓу банките и претпријатијата (89,9% од вкупниот промет на девизниот пазар, односно зголемување за 2,6 процентни поени на месечна основа). Во април 2003 година реализираната нето-продажба на девизни средства од страна на деловните банки и НБРМ наполно ја задоволи зголемената побарувачка за девизни средства од страна на претпријатијата и овозможи одржување на стабилноста на девизниот курс на денарот во однос на еврото. Имено, на крајот на април 2003 година на девизниот пазар се разменуваа 61,19 денари за едно евро, што претставува речиси непроменет паритет. Во април 2003 година на домашниот девизен пазар денарот регистрираше апресијативни движења во однос на американскиот долар, кои ги рефлектираат движењата помеѓу еврото и доларот на светските финансиски пазари. Имено, на 30.04.2003 година на девизниот пазар се разменуваа 55,85 денари за еден американски долар, што претставува месечна апресијација на денарот од 2,1%.

*...а девизниот курс денар/евро беше стабилен*

Графикон 24
Движење на вкупниот промет на девизниот и менувачкиот пазар
(во милиони САД долари)




*Прометот со девизни средства на менувачкиот пазар забележа пораст*

Во текот на април 2003 година, регистрирано е зголемување на прометот на менувачкиот пазар од 16,1%, со што неговата вредност достигна 93,7 милиони САД долари. Притоа, побарувачката за девизни средства е повисока за 32,0%, додека понудата бележи месечен пораст од 7,0%. Во април 2003 година од страна на менувачниците беше реализиран нето-откуп на девизи во износ од 16,5 милиони САД долари. Состојбата на повисока понуда од побарувачка за девизни средства на менувачкиот пазар резултираше со минимална апресијација на денарот во однос на еврото (0,1%), при што на крајот на април на менувачкиот пазар се разменуваа 61,35 денари за едно евро. Во однос на американскиот долар[8] регистрирана е поизразена апресијација на денарот од 2,1%, со што на 30.04.2003 година се разменуваа 55,08 денари за еден американски долар.

[8] Курсот на американскиот долар е преземен од курсната листа за менувачко работење на НБРМ

Графикон 25
Дневен среден девизен курс на денарот во однос на американскиот долар и еврото од индикативната курсна листа на НБРМ
(денари за единица странска валута)




*Пораст на бруто девизните резерви на НБРМ...*

Во април 2003 година вкупниот девизен потенцијал на Република Македонија забележа месечен пораст од 52,7 милиони САД долари и достигна вредност од 1.358,1 милион САД долари. Порастот е резултат на зголемувањето на вкупните девизни средства на банките и на НБРМ. Бруто девизните резерви на НБРМ во април 2003 година забележаа пораст од 16,6 милиони САД долари и на крајот на месецот изнесуваа 701,0 милион САД долари. Порастот е главно резултат на реализираните приливи на државните девизни депозити (тука се вклучени и средствата добиени од сукцесијата во износ од 17,8 милиони САД долари, што претставува 7,5% од средствата кои поранешна СФРЈ ги имала депонирано во комерцијални банки со седиште во САД) и приливите врз основа на интервалутарни односи.

Графикон 26
Девизен потенцијал на Република Македонија
(во милиони САД долари)




*...при зголемување на девизните средства кај депозитните банки*

Девизните средства кај депозитните банки во април 2003 година на месечна основа се зголемија за 36,4 милиони САД долари, при пораст на девизните депозити на економските субјекти кај банките за 28,0 милиони САД долари, детерминиран од порастот на девизните депозити на претпријатијата и на населението за 11,3 милиони САД долари и 14,8 милиони САД долари, соодветно.